# С Т А Т У Т

На Заедницата на доброволните противпожарни друштва од Република Македонија

Врз основа на член 5 став 1 и член 25 став 1 алинеја 1 од Законот за здруженија на граѓани и фондации ( Сл. Весник на Републикиа Македонија број 31/98 ) заинтересираните ДПД од Република Мкедонија формираат здружение на доброволните противпожарни друштва.

# С Т А Т У Т

На заедницата на доброволните противпожарни друштва од Република Македонија.

## Член 1

## Општи одредби

Заедницата на Доброволните противпожарни друштва ( во понатамошниот текст ЗДПДМ ) е доброволна, стручна, хуманитарна, невладина и непрофитна организација на ДПД кои го прифаќаат овој Статут и зачленети се во заедницата заради задоволување на заедничките интереси од обласа на противпожарникарството и заштитата од пожари.

## Член 2

Името на заедницата е: Заедница на доброволните противпожарни друштва од Република Македонија.

Сратената назнака на сојусот е: ЗДПДМ.

Седиштето на заедницата во привиот мандат ке биде во Струмица

## Член 3

Заедницата има својство на правно лице. Својството на правно лице се стекнува со денот на уписот во регистарот на здруженијата на граѓани и фондации што се води во основниот суд во Струмица.

## Член 4

Заедницата има печат.

Печатот има кружен облик со димензии 18 и 33 мм. Со испишан текст на работ на печатот: Заедница на доброволни противпожарни друштва од Македонија. Во средината на печатот се наоѓа противпожарниот знак, шлем со факел и секира.

## Член 5

Работата на заедницата на доброволните противпожарни друштва е јавна.

Член 6

Цели и задачи.

Заедницата ги остварува следните цели и задачи:

- ја следи и анализира положбата на доброволното противпожарно друштво и превзема мерки за унапредување на доброволното противпожарникарство и заштита од пожари во Република Македонија.
- Го следи и анализира спроведувањето на мерките за заштита од пожари и покренува иницијативи за нивно дополнување и измени.
- Покренува активности на своите членки за спроведување на превентивни и други мерки поради остварување на задачите за заштита од пожари и ѕнапредување на противпожарникарството во целина.
- Работи на вклучување на што поголем број на граѓани, а посебно млади во работата на Доброволното противпожарно друштво -ДПД.
- Организира културно просветна, спортска, забавна и друга активност.
- Организира советување, семенари, противпожарни натпревари и други стручни и информативно - пропагандни акции од значење за противпожарникарството и за ширење на противпожарната култура меѓу граѓаните.
- Во основните и во средните училишта, како и во предшколските установи врши едукативно - просветна дејност.
- Соработува со локалните власти, фирми, медиуми и други организации во унапредување на противпожарникарството и заштитата од пожари.
- Програмата на сојузот неможе да биде кон насилно уривање на уставниот поредок на Република Македонија, потикнување или повикување на воена агресија и разгорување на национална, расна или врска омраза или нетрпеливост.
- Заедницата неможе да врши стопанска дејност.
- Заедницата може да основа единствено друштво со ограничена одговорнодт и акционерско друштво за остварување на своите цели, интереси и финансирање на нивните функции утврдени со овој Стетут.
- Врши и други работи од интерес за своите членови и за развој и афирмација на противпожарникарството и заштитата од пожари.

Член 7

Членови на заедницата.

Членувањето во заедницата е доброволно или ( задолжително ).

Членки на заедницата можат да бидат сите Доброволни противпожарни друштва регистрирани во Република македонија.

Зачленувањето во заедницата се врши со одлука на Управниот одбор на Доброволното противпожарно друштво ( ДПД). или нивните собранија.

Член 8

На членките на заедницата им престанува членството со одлука за истапување, бришење или исклучување од членство.

Истапување од членството на заедницата се врши со писмена одлука

на Управниот Одбор на  ДПД или одлука на собранието на членките.

Бришење од редовното членство во заедницата се врши кога ДПД е повеќе од една година неактивно без оправдани причини.

Исклучувањето од заедницата на ДПД  се врши ако не се почитуват одлуките на Управниот одбор на заедницата, ако се нанесува штета на угледот на заедницата, ако не се почитува Статутот на заедницата.

Против одлуката за бришење односно исклучување од членство во заедницата ДПД имаат право на приговор односно жалба.

Приговор се поднесува во рок од 8 дена до управниот одбор, а жалбата во рок од 15 дена од приемот на решението до Собранието на заедницата.

Член 9

Заедницата се организира и дејствува на територијата на Република Македонија.

Член 10

Основање на заедницата.

Најмалку две ДПД регистрирани во судовите на Р.М. можат да ја основаат заедницата заради остварување на заедничките  цели и интереси.

за внатрешната организација на Заедницата одлучуваат членките на основачкото собрание претставени од делегати еден или двајца.

Член 11

Заедницата се основа на собранието на основачите на кое се донесува акт за основање, Програма, Статут и се избират неговите тела.

Член 12

Актот на основање на Заедницата содржи:

- Име, седиште и адреса на заедницата.
- Име  адреса и решение за регистрацијата  на ДПД и број на основачи.
- Цели и задачи.
- Име на овластени лица кои ќе го претставуваат и застапуваат во правниот промет и спрема трети лица во јавноста.

Член 13

За реализација на своите цели и задачи сојузот соработува со Дирекцијата за заштита и спасување и Министерството за внатрешни работи, или орган задолжен за противпожарникарството.

Член 14

Заедницата ќе делегира член во телото или органот на Дирекцијата за заштита и спасување, МВР, или орган задолжен за противпожарна заштита, со што ќе се постигне поголема ефикасност во решавање на проблеми поврзани со противпожарната заштита.

Членн 15

Органи на заедницата:
- Конференција или собрание.
- Управен одбор.
Конференцијата е највисок орган на управување на заедницата.
Конференцијата ја сочинуваат делегати ( еден, два или четири ) од Доброволното противпожарно друштво.

Член 16

Конференција на заедницата
- Донесува Статут, програма, и други акти.
- Одлучува за прием и исклучување на членови.
- Го избира и отповикува претседателот на заедницата, членовите на Управниот одбор и членовите на надзорниот одбор.
- Одлучува за работата во согласност со Стстутот и другите акти на Сојузот.
-Го усвојува извештајот за работа на Управниот одбор и Надзорниот одбор.
- Одлучува за престанок на заедницата со двотретинско мнозинство.

Член 17

Мандатот на членовите на Конференцијата или собранието трае 4 години.
Отделни членови или сите заедно можат да бидат отповикани.
Отповикувањето го вршат органите што ги избрае
Доколку Конференцијата или Собранието и неговите членови работат спротивно на од утврдените цели во Сатутот, членовите можат да бидат отповикани . Отповикувањето се врши од страна на органите што ги избрале на барање или акт на надлежен судски орган.

Седница на Конференцијата - собранието се одржува најмалку еднаш годишно. Изборна седница се одржува секоја четврта година.

Седниците на Конференцијата - Собранието ги свикува претседателот на Конференцијата - Собранието.Седницата се свикува и по предлог на Управниот одбор или 1/5 од вкупниот број членови на Собранието и по барање на Надзорниот одбор.

Ако претседателот на Собранието во рок од 14 дена не даде предлог не го свика Собранието, седницата ја свикува Ѕправниот одбор и иницијаторите.

Покана за свикување на седниците со потребните материјали се доставува најдоцна 10 дена пред денот утврден за седница на Собранието.

Во работата на Собранието рамноправно како и избраните членови

учествуват и членовите на Управниот и Надзорниот одбор.

Член 18

Собранието може да работи полноважно ако на Собранието присуствуват повеќе од половина од вкупниот број на членови.

Одлуките собранието ги донесува со мнозинство гласови од присутните.

за престанок на сојузот потребно е кфалификувано мнозинство за одлучување.

Член 19

Управен одбор.

Управниот одбор е извршен орган на Конференцијата - Собранието.

Управниот одбор брои 7 членови што ги избира Собранието на прелог на претседателот на Собранието кој воедно е и претседател на Управниот одбор.

Мандатот на членовите на управниот одбор трае 4 години. Членовите на Управниот одбор се избираат од редот на претставници на Собранието и од редот на истакнати личности на планот на заштита од пожари од трговските друштва, органи, јавни претпријатија и други здруженија и асоцијации.

Управниот одбор го избира Собранието со јавно гласање.

Член 20

Членовите на Управниот орган се одговорни пред Собранието за целокупната работа на Здружението на ДПД. Управниот одбор ги иницира сите договарања за заеднички акции на на органите на здружението, ги разгледува предлозите и предлага решенија за актуелнаат проблематика , ги подготвува седниците на Собранието и одговара за спроведувањето на договорените ставови и одлуки.

Седниците на управниот одбор ги свикува Претседателот на Управниот одбор.

Дневниот ред со потребните материјали за кои се расправа им се доставува на сите членови на Управниот одбор најмалку 8 дена пред одржувањето на Седницата на Управниот одбор.

На седницата на Управниот одбор претседава Претседателот на Собранието. Управниот одбор предлага свикување на Собранието, и го предлага дневниот ред.

Управниот одбор полноважно одлучува ако на седницата присуствуваат повеќе од половина членови на Управниот одбор, а одлуките се донесуваат со мнозинство гласови од присутните членови.

Член 21

Управен одбор.

- Одлучува за донесување деловник за работа.
- Го утврдува програмот на активностите и превзема мерки за организационо и материјално зајакнување на Заедницата.
- Го утврдува финансијскиот план и завршната сметка.
- Ги подготвува седниците на Собранието.
- Ја спроведува политиката, заклучоците и одлуките донесени на Собранието.
- Донесува одлуки за финансијско работење на Заедницата меѓу две собранија.
- Донесува одлука за избор на Секретар на Управниот одбор.
- Донесува општи акти од своја надлежност.
- Донесува одлуки за службено патување.
- Изготвува материјал и одлука за формирање на друштвото со ограничена одговорност и акционерско друштво.
- Го обезбедува работењето Заедницата во воени услови.
- Во зависност од потребите може да се формира стручна служба и да врши контрола на д нејзиното работење.
- Врши и други работи по овластување на Собранието, а во согласност со одредбите на овој Статут.

Член 22

Во случај да членот на управниот одбор не ги врши своите надлежности во согласност со целите, задачите и интересите на Заедницата, Управниот одбор може да го отповика. Ако Управниот одбор не ги врши функциите во целина во согласност со целите и задачите и интересите на Задницата, Собранието може да го отповика целиот Управен одбор.

Во случај на отповикување или оставка на Претседателот се отповикува целиот Управен одбор.

Член 23

Претседател на Собранието

Претседателот на Собранието го избира Собранието од редот на своите членови. Претседателот на Собранието е и истовремено и председател на Управниот одбор. Претседателот на Собранието е предлагач - мандатор на на членовите на управниот одбор.

Претседателот се избира со мандат од 4 години, со можност повторно да биде избран на истата функција уште еден мандат.

Претседателот ги свикува седниците на Собранието и на Управниот одбор и претседава на седницата на Собранието и на Управниот одбор.

Претседателот ја застапува заедницата во правниот промет со трети лица.

Претседателот ја претставува Заедницата на ДПД.

Претседателот се грижи:

- За подготовка на седниците на Собранието и на Управниот одбор.
- Ги потпишува одлуките, договорите и другите општи акти што ги донесува Собранието на Управниот одбор.
- Наредбодател е на средствата и потписник на жиросметката на заедницата на ДПД, а во негово отсуство Претседателот.
- Извршува и други работи предвидени во Статутот, одлуките и заклучоците на Собранието на Управниот одбор.

Член 24

Собранието има Потпретседател.
Потпретседателот го избира Собранието со мандат од четири години.
Потпретседателот во отсуство или спреченост на Претседателот на Собранието претседава со седницата на Собранието и на Управниот одбор.

Член 25

Надзорен одбор.
Членовите на надзорниот одбор ги избира Собранието од редот на на членовите на Собранието.

Надзорниот одбор брои три члена.
Мандатот на Надзорниот одбор трае четири г одини.

седниците на надзорниот одбор ги свикува и на нив претседава Претседателот на одборот.

Надзорен одбор:

- Врши контрола на наменското користење и располагање со средствата и приходите на Заедницата на ДПД.
- Го следи спроведувањето на Стетутот и општите акти на Заедницата на ДПД.
- Го анализира спроведувањето на одлуките, заклучоците и правците на Собранието, Управниот одбор и неговите органи.
- Го известува за својата работа Собранието, еднаш годишно и предлага превземање на соодветни мерки.

Член 26

Секретар

Собранието и Управниот одбор на Собранието имаат имаат Секретар.
Секретарот го именува Управниот одбор по претходна спроведена конкурсна постапка.

Секретарот е старешина на Стручната служба.

Секретарот истовремено ги обавува административно  техничките работи на Собраниетио и Sправниот одбор и е одговорен за правилна, законска и благовремена работа на Стручната служба, Собранието и Управниот одбор на Заедницата на ДПД.

Секретарот:

- Ги подготвува материјалите за седниците на Собранието и на Управниот одбор.
- Се грижи за реализирање на програмата за работа.
- Се грижи за спроведување на одлуките и заклучоците на Собраниет, Управниот одбор и нивните тела.
- Издава решенија од областа на работните односи во Стручната служба во согласност со Статутот и општите акти.
- Секретарот има право и должност да дискутира на седницита на Собранието и на Управниот одбор и им помага на претседателот и потпретседателот во раководењето со седницата.
- Му предлага на Управниот одбор, донесува акти што се однесуваат на вработените во Стручната служба.
- Извршува и други работи што ќе му бидат доверени од Собранието, Управниот одбор и Претседателот на Собранието.

Член 27

Работниците на Стручните служби своите прабва и обврски ги реализираат согласно со овој Статут, општите акти, а во склад со Законот за работни односи.

Распределбата на средствата за плати се врши согласно со општите акти, а во склад со одлуките на Управниот одбор.

Средствата за работа на Стручната служба се искажуваат и се распоредуваат со финансијски план.

Член 28

Во зависност од можностите, а имајќи ја предвид рационалноста во извршувањето на работите, Управниот одбор може делумно или целосно да го отстапи извршувањето на Стручните работи на други Стручни служби.

Член 29

Друштво со ограничена одговорност и
Акционерско друштво

За остварување на своите цели, интереси, активности и за финансирање на своите активности утврдени со овој Стату, Заедницата

може да формира Друштво со ограничена одговорност или Акционерско друштво. Формирањето на друштвото со ограничена одговорност и Акционерското друштво се врши согласно со постојаните законски прописи.

Член 30

Финансирање на Заедницата.

Закон за пожарникарство бр, 67 од 4 Октомври 2004 година страна 102 Финансирање Член 49.

VI ФИНАНСИРАЊЕ

Член 49

(1) Средствата за финансирање на противпожарните единици и организацијата на на гаснењето на пожари се обезбедуват од:

- Буџетот на република Македонија;
- буџет на Општината и градот Скопје;
- 12% наплатени премии за осигурување на имот од пожари;
- 2% од наплатени премии за осигурување за осигурување моторни возила ( Каско ) и осигурување од одговорнодт од од употреба на моторните возила;
- средества од наплатени парични казни за сторени прекршоци од обласна на заштита од пожари и експлозии;
- довроволни прилози и други средства од осигурителни друштва, фондации, правни и физички лица, наменети за унапредување на заштитата од пожари и
- приходи од сопствени извори за извршени услуги согласно со Членот 5 став (2) на овој закон.

(2) Средствата од став 1 алинеја 3 на овој член се приходи на Дирекцијата за заштита и спасување и се уплатуваат еднаш месечно.

(3) Средствата што се обезбедуваат согласно со ставот (1)м алинеја 4 на овој член, се приходи на буџетот на Општината и се уплатуваат едаш месечно.

(4) Средствата од став (1) алинеја 5,6 и 7 на овој член се приходи на буџетот на општината.

Член 50

(1) Средствата од членот 49 став(1) алинеја 1 на овој закон се обезбедуваат за финансирање на платите и надоместоците на вработените во Противпожарните Единици од член 5 на овој закон, согласно со законот со кој се уредува финансирањето на единиците од локалната самоуправа, доколку со овој закон поинаку не е утредено.

(2) средствата од членот 49 став (1) алинеја 3 на овој закон се уплатуваат на посебна сметка во Дирекцијата за заштита и спасување, со утврдена намена за набавка на противпожарна опрема и средства за гаснење на пожари за противпожарните единици од член 5  став (5) наовој закон.

(3) Дирекцијата формира Комисија за одобрување на набавка на противпожарна опрема и средства за гаснење пожари за противпожарните единици од членот 5  став (5) на овој закон.
( во понатамошниот текст Комисија).

(4) Комисијата од став (3) на овој член е составена од по два претставника од Дирекцијатаи Здружението на единиците на локалната самоуправа и еден претставник ос Министерството за финансии.

(5) Претседател на комисијата е претставник од Дирекцијата.

(6) Комисијата има задача врз основа на јасни и транспарентни критериуми да ги утврди потребите и приоритетите за набавка на противпожарна опрема и средства за гаснење на пожари за противпожарните единици од член 5 став (5) на овој закон, да го следи извршувањето на постапката за набавка  и до Дирекцијата да поднесе предлог за распределба на противпожарна опрема и средства за гаснење на пожари по општини.

(7) На предлог на Дирекцијата Владата донесува одлука за распоредување на набавената противпожарна опрема и средства за гаснење на пожари по општините.

(8) Директорот на Дирекцијата, на предлог на Комисијата од став(3) на овој член, одлучува и за одстапување на користење противпожарна опрема од противпожарната единица на која и е доделена нова противпожарна опрема на друга  противпожарна  единица.
Противпожарната опрема која се отстапува треба да биде од ист вид, односно за иста намена со новата противпожарна опрема.

Член  51

(1) Средствата од член 49 став (1) алинеја 2,3,4,5,6 и 7 на овој закон се обезбедуваат за:

- Финансирање на тековните оперативни активности и набавка на противпожарна опрема на Териториjалните Противпожарни единици од член 5 ставови (3( и (4) на овој закон;

- Учество во финансирањето на противпожарната единица која го покрива нејзиното подрачје, а која согласно со одредбите на овој закон не формира противпожарна единица, во висина сразмерно на бројот на жителите на таа општина;

- Финансирање на програмски активности на  Доброволните Противпожарни Друштва ( ДПД) и нивните здруженија на подрачјето на општинат и

- Финансирање на ангажманот и потребите на сезонските пожарникари, доброволни пожарникари и граѓанте кои учествуваат во акцијата на гаснење на пожари, согласно на овој закон.

Член 52

Противпожарниот Сојуз на Република Македонија се финансира од средстварта од членот 49 став (1) алинеја 3 на овој закон кои се приходи на Дирекцијата, во висина на 10 %, согласно со годишната програма на активности која ја одобрува Дитекцијата.

Член 31

Имот на Заедницата

Во имот на Заедницата влегуваат средствата добиени членарина, донации, подароци, приходи добиени од поранешни општествено - политички заедници, локална та самоуправа за редовна дејниост.

Со имотот ма Заедницата управуваат органите на Заедницата и одговорни се за неговата употреба и користење.

Имотот на Заедницата се користи за остварување на цели на Заедницата.

Член 32

Информирање

Работата на Заедницата е јавна.
заедницата во рамките на своите можности ќе издава соодветни информативни материјали за активностите на Заедницата, заради информирање на членовите и на јавноста, користејки ги локалните срества за информирање.
Информации за работата на Здружението соопштува Претседателот на Здружението или лице што ќе биде овластено од Претседателот.

Член 33

Награди и признанија.

Здружението може да дава награди, признанија на поединци, здруженија, заедници, трговски друштва, институции, заслужни со правилникот за награди и признанија на Противпожарната заеднивца на Македонија

Член 34

Престанок на Заедницата.

Заедницата престанува со работа:

- Ако е донесена одлука на Собранието на сојузот со двотретинско мнозинство;
- Ако бројот на членови на друштвото се намали под бројот определен за постоење на Здружението;
- Ако уставниот суд на Македонијадонесе одлука дека програмата и Статутот не се во согласност со Уставот;
- Ако се утврди дека Заедницата сама престанала со работа;

- Ако работи спротивно на одредбите на член 9 став (1) и (2) од овој Статут;
- Во други случаеви определени со закон.

При престанок на работата на Заедницата со имотот и средствата се одлучува согласно со член 53 од законот за Здруженија на граѓани и фондации.

Член 35

Преодни и завешни одредби.

Заедницата е должна да ги усогласи своите акти во рок од шест месеци од денот на стапување на овој Статут.